Откријте ја Шар Планина "Што се нуди и што да се направи во иднина …"

Студија за можностите на туризмот во Полошкиот и Призренскиот регион

Февруари, 2019

Оваа студија е изработена со помош на Европската унија, во рамките на проектот **„Поддршка на регионалниот туристички потенцијал“**, Договор за грант бр. 2018 / 396-513. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на спроведувачките организациите и во никој случај не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската унија.

Објавено на веб-страница од
Центар за одржлив развој АЛКА, Скопје

Координирано од
Елизабета Ѓорѓиевска - Центар за одржлив развој АЛКА, Скопје

Подготвено од
Планинарски Клуб Љуботен, Тетово

Содржина

Вовед 5
Економски Полошки регион - Република Северна Македонија 6
Економски регион Југ - Косово 11
Шар Планина 16
Општи податоци за природните вредности на Шар Планина. 16
Геологија 17
Геоморфологија 17
Hydrology 18
Клима 19
Флора 19
Фауна 20
Агробиодиверзитет 21
Габи 22
Културно наследство во потшарпланинскиот регион / Полог 22
Културно наследство во регионот на Шар Планина / Јужен економски регион Косово 24
Етнологија / Полог регион 25
Етнологија / Јужен економски регион Косово 26
Комуникација / Економски Полошки регион 26
Комуникација / Економски регион Јужен Косово 27
Краток осврт на историјата на развој на планинскиот туризам на Шар Планина за Полошкиот Регион 28
Краток преглед на развојната историја на планинскиот туризам на Шар Планина во јужниот економски регион Косово 30
Интерес за посета на вредностите на Шар Планина 31
Интерес на странски туристи за посета на Шар Планина / Полог Регионоот 32
Интересот на странските туристи да ја посетат Шар Планина / Косовска страна 34
Анализа на постоечки планински / рекреативни патеки и на постоечката инфраструктура поврзана со патеките - Полог 35
Анализа на постојни планински / рекреативни патеки и постојна инфраструктура поврзана со патеките / Косовска страна 36
Закон за маркирање на планинарски патеки / Северна Македонија 37
Закон за обележување на планинарски патеки / Косово 38
Планинарски патеки кои се маркирани според законот за планинарски патеки на Република Северна Македонија 39
Планинарски патеки кои се маркирани на Косовска страна 40
Печатени водичи, Мапи, Дигитални апликации и Web-страни произлезени за досега маркираните патеки на Шар Планина 42
Стратешки документи за регионот 43

Откријте ја Шар Планина

„Што се нуди и што да се направи во иднина …“

Студија за можностите на туризмот во прекуграничната област на Шар Планина

(Северна Македонија со Полошкиот регион и Косово со регионите Сиринич-Призрен-Гора)

Вовед

Шар Планина со целото опкружување, како меѓуграничен регион со севкупните специфики (просторни, географски, геоморфолошки, биолошки, културолошки, хидрографски, етнолошки, историски, климатски, еколошки и спортски), претставува потенцијал кој може успешно да се валоризира во примамлива туристичка понуда за корисниците од поширокиот опсег на Балканските земји, Европа и Светот.

Меѓуграничниот регион ги има сите предуслови за постигнување на нивото на оформените европски туристички дестинации. Постоечките примери од претходните периоди, кои се случувале низ годините, ова и го потврдуваат.

Планинскиот туризам претставува важен сегмент од целокупната туристичка активност со сериозен потенцијал и објективни можности за понатамошен развој. Планинскиот туризам, во блиска иднина, ќе биде генератор на идниот локален туристички и економски развој на местата и селата под Шар Планина (рурални средини), за нивна меѓусебна поврзаност со креирање на патеки за планинарење, планински велосипедизам, tsрно скиење и движење со дезги - обувки за снег (snowshoeing). За таа цел, потребно е да се обезбедат и дефинираат целите за единственост на регионот, како туристичка содржина, со посебен акцент на руралните средини, предностите за развој на одредени места во овие средини и вредностите на Шар Планина.

Најголемиот досегашен проблем го лоцираме во непостоење на на заеднички моделиран принцип и метод на делување при пропагирањето на потенцијалите на регионот, недостаток на обуки и предавања за економска одржливост при работа на руралниот туризам, недоволна координација, соработка и споделување информации помеѓу туристичките работници, паралелен пристап на ист пазар со различни понуди, непознавање и неинформирање за туристичкиот потенцијал и тековите на руралниот туризам.

Со сериозна и реално изработена стратегија за развој на Шар Планина како меѓуграничен регион, регионот ќе излезе од анонимност и ќе стане препознатлив на пошироките простори.

Само на тој начин, ќе се интегрираат индивидуалните напори на заинтересираните субјекти, за афирмација на сопствените визии за реална туристичка понуда, во една заедничка визија. И само тогаш ќе бидеме подготвени за промоција на регионот, а со тоа и за пречекување на туристите. Сето тоа, во иднина, ќе иницира и развој на дополнителни профитабилни дејностиод областа на туризмот.

Сето ова ќе помогне во подигање на свеста кај локалното население за потребата од развој на планинскиот туризам, како важен сегмент од општественото живеење.

Економски Полошки регион - Република Северна Македонија

Полошкиот регион или Полошкиот Плански Регион, според Законот за рамномерен регионален развој, е еден од осумте плански региони во Република Северна Македонија и се состои од следните општини: Тетово, Гостивар, Маврово и Ростуше, Желино, Теарце, Боговиње, Врапчиште, Јегуновце и Брвеница. Зафаќа површина од 2416,91 км2 и опфаќа вкупно 184 населени места, составени од 304,125 жители, од кои 73,2% етнички Албанци, 18,4% етнички Македонци, 5,7% Турци, 1,6% Роми , 0,01% Власи, 0,32% Срби, 0,08% Бошњаци и 0,66% други[1].

Полошкиот плански регион ја вклучува Полошката котлина, која на југ е ограничена со Маврово (национален парк), кој е дел од планинскиот масив Бистра, на југо-запад се граничи со долината на реката Радика и планинските масиви на Кораб и Дешат, на запад и северозапад со Шар Планина, а на исток со планините Жеден и Сува Гора. Полошката котлина се наоѓа во северозападниот дел на Република Северна Македонија во правец југоисток - северозапад, со приближна должина од 55 км и ширина 8 - 10 км.

Богатата Полошка рамнина се наоѓа на надморска височина од 400 до 550 м. Поделена е на Горен Полог, во кој најголемо населено место е градот Гостивар, и Долен Полог со градот Тетово.

Климата во полошкиот регион е средно-континентална со голем број сончеви денови во текот на годината. Маглата е прилично честа појава во текот на зимските месеци. Оваа клима нуди одлични можности за рекреација и практикување на активности на отворено во текот на целата година.

Шар Планина ја опфаќа најголемата планинска област на Полошкиот регион. Ограничувајќи го регионот на север, запад и југо-запад, Шар Планина територијално е поделена на 7 општини (Јегуновце, Теарце, Тетово, Боговиње, Врапчиште, Гостивар и Маврово и Ростуше). Делот од Шар Планина, кој припаѓа на територијата на општината Маврово и Ростуше, е дел од Националниот парк „Маврово“. Освен општините Тетово и Гостивар, останатите се рурални и секоја од овие општини има огромен потенцијал за развивање на руралниот туризам во подпланинските населени неста.

Секоја од гореспоменатите општини (освен Маврово и Ростуше[2]), во изработените стратегии за локален економски развој, ги имаат опфатено деловите на Шар Планина, како

[1]Студија, „Поттикнување на алтернативен туризам во руралните области на Полог“, (географија на Полошкиот регион), Центар за развој на Полошкиот плански регион, Тетово 2015, стр.6.

[2] Делот на Шар Планина кој припаѓа на Општината Маврово и Ростуше е дел од националниот парк „Маврово“. Стратегиите се дел или се усогласени со планот и стратегиите на националниот парк „Маврово“

идни потенцијални места за практикување на планински туризам. Во секоја од општините во дел од населените места, започнува развој на рурален туризам, кој што е иницран од приватниот сектор. Во зависност од територијата на општините што ја опфаќаат Шар Планина и според стратегиите кои ги имаат изработено општините, може да се дефинираат местата за иден развој на руралниот / планинскиот туризам.

Во делот кој го зафаќа Шар Планина, а е дел од територијата на **Општина Јегуновце**, се издвојува Љуботенско - Ливадичкиот сегментот. Карактеристиката на овој масиф, кој се однесува на планинскиот туризам, е врвот Љуботен со местото Љуботен, каде се наоѓа најстариот планинарски дом во Северна Македонија, „Љуботен“. Домот е изграден во 1931 година. Се наоѓа на надморска височина од 1635 метри, веднаш под самиот врв, на работ на букова шума. Овој дел од Шар Планина е доста посетуван и добро познат помеѓу луѓето кои практикуваат планински спортови, рекреација и активности на отворено. Карактеристични планински локации во општина Јегуновце се врвот Љуботен, Ливадичко Езеро, Кучинагледски Врв, Рогачевски Корита, Ливадичките Бачила, Камче и Беловишкиот Водопад (најдолгиот водопад на Шар Планина). Населените места кои нудат можности за развој на руралниот туризам се селата Беловиште, Вратница, Рогачево и Старе Село. Точки кои имаат потенцијал, и фукционираат или се во фаза на развој се: Калуѓер, Петачко Водиче, Вратничко Езеро и др.

Планинскиот дел на **Општина Теарце** го карактеризира долината на реката Бистрица. Во овој дел, Шар Планина ја карактеризираат Габровничкиот и Чаушичкиот масив. Излетничкото место „Три Воде“, лоцирано во средниот тек на реката Бистрица, нуди идеални услови за практикување на активности на отворено. Во текот на шеесеттите години од минатиот век, на оваа локација бил изграден Планинарскиот Дом „Три Воде“, кој повеќе не постои, но денес на истата локација има неколку приватни мали викенд куќарки. Локации карактеристични за овој дел на Шар Планина се врвовите Црн Камен, Езерски Врв, Пескови, Коњушка и Доброшки Врв, глацијалните - леднички езера, Горно и Долно Доброшко Езеро и местата Мелово, Брезјански Куле, Чаушичка Локва и Јелошнички Бачила. Населените места, карактеристични по својата архитектура и позиција, значајни како почетни точки за планинарење и велосипедизам, се селата Брезно и Јелошник, кои се наоѓаат на надморска височина од 900 метри. Селото Теарце, како најголемо во оваа општина, ги нуди сите услови како место кое логистички може да ги „опслужи“ горенаведените локации. Во овој регион, најважното место, кое не се однесува само на

културните вредности туку и на традициите и природните знаменитости е селото Лешок, поточно Лешочкиот Манастир.

Најголемиот дел од територијата на **Општина Тетово** ја покрива Шар Планина, поточно средишниот дел на Шар Планина со долината на реката Пена и нејзините притоки, највисокиот масив на Титов Врв и ски центарот Попова Шапка. Секако, дека најзначајното место во оваа општина е ски центар Попова Шапка, кој е еден од најстарите ски центри на Балканот, од далечната 1934 година. Во текот на осумдесеттите години од минатиот век, овој ски центар се истакнува помеѓу трите најголеми центри во тогашна Југославија. Денес ски центарот е со застарена инфраструктура. Центарот располага со неколку хотели, од кој еден е категоризиран со 4 ѕвезди, два со 3 ѕвезди, а останатите се во категоризација на одморалишта, хотели со основни услови и планинарски домови. Во склоп на центарот има викенд населба со преку 500 викенд куќи. Центарот располага со 2 жичари и 4 скилифтови. Вкупната должина на ски патеките изнесува 15,6 км, кои зафаќаат површина од 53,6 хектари, а вкупниот капацитет на скијачи на час е 3,024 скијачи. Нова активност која се практикува изминативе седум години е СноуКет скијање (Snow-cat Skiing). Центарот Попова Шапка е активен во текот на целата година. Во зимскиот период, освен скијањето, се практикува движење со дезги (обувки за снег) и турно скијање. Во текот на останатите месеци, Попова Шапка е одлична почетна точка за планинарски и велосипедски патеки, атрактивна за параглајдерство и рекреација од секаков вид. Нејзината позиција на надморска височина од 1700 метри е идеална за летен одмор на свеж воздух. Локалитетите кои ја карактеризираат оваа општина се: Јелак, Лешница, Шиповечки Бачила, Караниколички Езера, средниот тек на реката Пена и долината на Вејачка Река, Дупнат Камен, Плоча и Ѓермовските Бачила. Од овие локации, би ги издвоиле локациите на Јелак и Лешница, како идеални места за развој на авантуристичкиот туризам воопшто и практикување активности на отворено.

Од планинските врвови во оваа општина, најдоминантен е највисокиот врв на Шар Планина, **Титов Врв**, со надморска височина од 2.747 метри. Околу него се протегаат двата врва кои се на надморска височина над 2700 метри, Багрдан и Мал Турчин. Гребенот кој се граничи со Косово го карактеризираат врвовите Клеч, Скакло, Караникола, Вртоп, Кобилица и Црн Врв. Населените места кои припаѓаат на планинскиот масив на Шара, се распространети во 13 села. Некои од овие села имаат одлични позиции и големи предуслови за развој на

руралниот туризам. Тука би ги посочиле Бозовце, Вешала, Вејце, Бродец, Лисец, Ѓермо и Сетоле. Од културно историските споменици што можеме да ги издвоиме се Тетовско Кале, Шарена џамија, Турската бања, Арабати Баба Теќе и црквите Св.Никола и Св.Кирил и Методиј. Градот Тетово, како главен економско стопански двигател на општината па и во регионот, ја има главната улога во развојот на туризмот во регионот, не само за македонската страна, туку и за обете страни. Како мултиетнички град, Тетово спаѓа во најстарите градови во Република Северна Македонија, во кој низ историјата се испреплетувале голем број на култури засновани врз традицијата на граѓанските општества кои живеат на овие простори.

Општина Боговиње, кога зборуваме од областа на руралниот / планински туризам, ја карактеризира најголемото глацијално - ледничко езеро на Шар Планина, Боговињско Езеро. Боговињско Езеро се наоѓа на висина од 1960 метри во циркот помеѓу Врвот Бриставец и висорамнината Голема Смрека. Езерото зафаќа површина од 66.000 квадратни метри, а неговата длабочина изнесува 5-6 метри[3]. Освен ова езеро, во регионот на оваа општина, можеме да ги посочиме и Црно и Бело Езеро. Кањонот на Боговињска Река е еден од најатрактивните кањони за спортски-рекреативен риболов. Неколкуте приватни објекти во општината имаат потенцијал за иден развој во насока на планинскиот и еко-туризмот. Планинските локации кои би ги одвоиле во оваа општина се врвовите Рудока, Бриставец, Трапезница и Џинибег, долината на Слапска и Уливеричка Река и висорамнините Голема и Мала Смрека. Од населените места кои во иднина можат да се развиваат во насока на еко туризмот, оние со најголем потенцијал се селата Горно Палчиште, Јеловјане, Урвич, Ново Село и Селце Кеч.

Општина Врапчиште е една од оние кои се карактеризира со планински терен кој е најнепристапен. Сепак, и ваквите терени имаат свое значење и вредност, која се карактеризира со недопрена природа и атрактивни терени. Локациите кои се издвојуваат се долината на реката Маздрача, втората по ред долина на Шар Планина, врвовите Голема и Мала Враца, врвот на Радика и Расенѓул и локалитетот Тиха Вода. Населените места кои се истакнуваат во овој регион, а кои имаат потенцијал и можност за развој на руралниот еко туризам се Пожаране, Врањовце и Дебреше.

Општина Гостивар го опфаќа најјужниот дел од територијата на Шар Планина, кој се граничи со националниот парк „Маврово“. Карактеристичните места за оваа општина се висорамнините над Рамен Камен, Менгулова Кула, пасиштата со прекрасен поглед кон долината на Маздрача и врвовите на Враца. Населените места кои веќе функционираат

[3] Кривокапиќ Душан, Шар Планина – Туристичко Географски приказ предела и народа, Туристичка Штампа, Београд 1969, стр. 144

во насока на развој на планинскиот туризам се селата Горно и Долно Јеловце. Во овој дел се наоѓаат и два планинарски дома.

Планинарските домови „Шарски Води“ и „Шари“ се наоѓаат на надморска височина од 1350 метри, а локациски се поставени на каналот Шарски Води. Каналот Шарски Води сам по себе претставува туритичка атракција. Каналот всушност претставува хидро систем, кој ги собира сите планински води / реки на Шар Планина на потегот од селата Јеловјане до Дуф и ги носи во Мавровско Езеро, со што Мавровско Езеро се снабдува со вода. Овој систем е изграден на крајот од педесетите години на минатиот век. Покрај самиот канал кој се движи на височина од 1400 до 1300 метри е изработен земјен пат кој е доста атрактивен за планински велосипедизам. Во подножјето на Шар Планина, во Општина Гостивар, најкарактеристично место се изворите на реката Вардар и селото Вруток. Оваа туристичка атракција е „искористена“ од локалното население и изградени се доста рибници кои се посетувани од голем број на туристи. Градот Гостивар, како урбана средина во оваа општина, се каратеризира со заедништво на живеење на Македонци, Турци, Албанци, Роми и други националности со векови наназад. Во среднит век, градот бил посетуван од многу гости од сите краеви, и истите биле многу добро пречекувани од страна на гостопримливите домаќини кои имале и многу гостилници. Во овој град бидејќи меѓу гостите биле и голем број трговци, почнале истите да се населуваат на ова место и од тука името на градот Гостивар. Од културно-историските споменици ги издојуваме Саат Кулата, Саат Џамијата, црквата Св. Димитрија и соборниот храм Успение на Пресвета Богородица.

Економски регион Југ - Косово

Косово законски не е поделено на региони. Сепак, ЕУ и другите донатори го користат регионалниот пристап во нивните активности за поддршка. Економскиот регион Југ лежи во југозападниот дел на Косово. Регионот се граничи со Албанија на Запад, со Република Северна Македонија на Југоисток и со општините Ѓакова на северозапад, Штиме на Североисток и Штерпце на исток. Регионот има вкупна површина од 2031 км2 (18,66% од територијата на Косово и се состои од 6 општини: Призрен, Драгаш, Сухарека, Малишева, Раховец и Мамуша, кои значително се разликуваат по големина - од најголемата од 640 км2 (Призрен) до најмалата од 12,5 км2 (Мамуша) со останатите четири општини со просечна големина (280- 430 км2). Се проценува дека сегашното население во Економскиот регион Југ, е околу 513.000 жители, што претставува околу 24% од населението на Косово. Етничката структура на населението во регионот е мешана, при што косовските Албанци сочинуваат над 88,5% (454.005 лица) од населението. Другите главни етнички групи присутни во регионот се од етничка припадност на Бошњаците и Горанците со учество од 8% (41.040 лица), етнички Турци со 1,8% учество (9.234 лица), етничка заедница Ромска-Ашкалиска-Египетска со 1,3% (6.669 лица) и етнички Срби со 0,4% (2,052 поединци) како дел од целото население[4].

Во овој регион, топографијата е од мешан тип, и вклучува високи планини, ридови, долини и рамнини. Висината на земјиштето се движи од околу 400 до 2.750 метри низ планинските области (врвовите на Шар Планина). На планините има широко распространето шумско земјиште и неколку природни пасишта со изобилство на диви животни и вегетација.

Додека на климатските карактеристики на регионот доминираат оние кои се карактеристични за средната континентална клима (со ладни зими и топли лета), исто така има значително влијание од поблагата медитеранска клима. Максималните температури во текот на летната сезона достигнуваат просек од 24,6°C, додека најниските температури во јануари се со просек од -10°C. Вкупните врнежи од дожд се движат од 511мм до 1.108 мм годишно. Климатските услови, во комбинација со релативно добри почви, создаваат добра основа за развој на земјоделството. Ридовите со оптимална изложеност на сонце овозможуваат поставување на квалитетни лозја.

Се смета дека регионот има доволно снабдување со вода. Ниту една од реките не е доволно голема за да се организира навигација т.е. речен транспорт за комерцијална употреба, но може да се користи за туристички цели или риболов. Најголемиот дел од помалите реки и потоци се приклучуваат на реката Дрини и Барде, која има должина од 122 км и се наоѓа во западниот дел на регионот. Ова овозможува да се наводнува добар

[4] http://ask.rks-gov.net

дел од обработливото земјиште. Како резултат на тоа, значителен дел од земјоделското земјиште во регионот, над 12.500 хектари, е покриено со системи за наводнување. Ова се споредува со вкупно околу 55.000 хектари под наводнување во цело Косово (околу 23%). Косово има номинален проектен капацитет за наводнување на 72.440 ха. Се верува дека значителен дел од тој неискористен потенцијал е во Економскиот регион Југ.

Голем дел од земјиштето со добри квалитетни почви, комбинирано со можностите за понатамошен напредок во наводнувањето (Економскиот регион Југ веќе има повисока површина од Косово за наводнувано земјиште), го прави регионот погоден за интегриран развој на земјоделството. Достапноста на пасиштата создава можност за проширување на сточарското производство и го прави возможно да се подобри квалитетот на технологијата и добитокот. Добрите почви, соодветната изложеност на сонце, во комбинација со поволни климатски услови, го прават регионот погоден за лозарство.

Неспоредливата регионална географска положба, богатството на природното наследство, бројните примери за културно и историско наследство, како и живописни фолклори, го прават регионот Југ, идеално место за одржлив развој на туризмот. Некои од предностите, како што се близината на транзитните рути и присуството на планините погодни за зимски спортови, како и кампувањето и пешачењето за време на викендите, веќе до одреден степен се искористени. Туристичките деловни активности поврзани со туризмот веќе обезбедуваат добар извор за приход за локалното население и деловните луѓе.

Во рамките на Шар Планина, достигнувајќи височини до 2750 метри, има 16 планински езера. Најголемите делови од оваа област се под заштита и се наменети да се користат првенствено за потребите на развојот на туризмот. Шар Планина има стотици метри скијачки патеки кои не се целосно искористени, но тие претставуваат голем потенцијал за понатамошен развој на зимскиот туризам. Планините Коритник и Паштрик, исто така, претставуваат голем природен потенцијал за развој на планинскиот туризам. Клисурата Мируша е заштитен природен резерват поради сценската низа на базени и водопади, како и разновидноста на растенијата (повеќе од 800 различни видови). Овде можете да најдете неколку ретки растенија (некои се ендемични во Косово) и заштитени животни, како што се копнените желки и змиите (на пример, Vipera amodytes). Реката Мируша има издлабено долг километарски кањон во близина на сливот со реката Дрини и Барде и создава 16 речни езера со водопади помеѓу нив. Највисокиот водопад помеѓу езерата 8 и 9 е висок 21 метри. Најголемото езеро (55 м x 45 м) е последното, со длабочина од 5 метри.

Повеќето општини во регионот се дел од, или во близина на Шар Планина. Две од општините во регионот, Драгаш и Призрен, ги имаат вклученоа деловите од Шар Планина во развиените стратегии за локален економски развој, како идни потенцијални места за планински туризам. Во зависност од територијата на општините што ја опфаќаат Шар

Планина и според стратегиите што ги имаат развиено, може да се дефинираат местата за иден развој на руралниот / планинскиот туризам.

Најјужната општина во Косово, **Општината Драгаш** е оаза на недопрена природна убавина и традиционални села, споени меѓу границите на Северна Македонија и Албанија. Во голема мера игнорирана од страна на Владата на тогашна Југославија, областа никогаш не добила пари за развој за туризам и покрај богатството на флората, фауната и културните традиции. За среќа, ова, исто така, го поштеди регионот од бетонските хотели и ресторани од комунистичката ера, кои ги обележуваат сличните региони во Косово. Неразвиениот планински венец на Шар Планина е идеална локација за безброј авантури на отворено, семејни екскурзии и вкус на традиционалното Косово, каде што животот маршира на традиционалните ритмови на природата. Старите трговски патишта кон Северна Македонија и Албанија, кои се уште се користат од страна на локалните фармери за овци и транспорт на собраните култури, се лесно достапни. Областа изобилува со широк спектар на патеки за различно ниво на планинарски вештина, помеѓу основните дневни пешачење и напредното планинарење за поискусниот авантурист. Можете да го поминете попладнето пешачејќи, во собирање на печурки кои се јадат, јавање, планински велосипедизам, “backcountry” скијање (скијање надвор од постојни ски патеки), и / или само да се релаксирате во идиличните пикник области со кристално јасни и ладни планински реки. Областа е благословена со сезонски сорти на природна храна, културни фестивали и е една од областите во Косово, со најразновидни диви животни. Посетителите можат да собираат боровинки по планинските падини, да уживаат во посматрањето на птици, за видовите како што се Шумска Шлука (Eurasian Woodcock), зелениот клукајдрвец и Евроазиско Планинско Врапче (Eurasian tree sparrow), или планинарење преку површините со зимзеленото дрво Смрека (Juniper) и Шипки/Дренки (Rosa canina / rose hip). Локалните сирења се деликатес во регионот, како што е примамливото свежото и бавно готвеното јагне и малото производство на природен мед. Драгаш е главно планинска општина, но со различни природни карактеристики во три области. Долината Опоја во северниот дел има срцевина со рамно земјоделско земјиште опкружено со планини и шуми идеални за собирање на печурки. Централната област околу градот Драгаш е планинска со длабоки речни долини и изобилство од шуми. Јужниот дел на Драгаш е впечатлив во својот речиси целосен недостаток на дрвја, високи планини и распространети алпски полиња. Општината има 36 села, вклучително и Драгаш, кои имаат

мешана културна разновидност на албанска, горанска, босанска, па дури и остатоци од турска ера. Мали села, нанижани со традиционални камени куќи од отоманска ера, се здив на свеж воздух од големите градови што доминираат во современиот живот.



Општина Призрен се наоѓа централно во југозападниот дел на Косово. Нејзини соседи се Албанија на запад, Северна Македонија на југоисток, Општина Ѓаково на северозапад, Општина Раховец на север, Општина Сухарека / Суварека на североисток, Општина Штрпце на исток и Општина Драгаш на југ. Изграден е од 73 катастарски региони со вкупна површина од 640 км2 (што претставува 5,94% од територијата на Косово). Нејзината просечна надморска височина е помеѓу 412 м и 500 м, а планинските (Шар Планина) делови се наоѓаат до 2000 м.н.в. Климата се смета дека е со медитерански карактер. Областа околу Призрен, особено на исток и југозапад, исто така е живописна. Одејќи источно од градот кон старото југословенско скијачко одморалиште Брезовица патот ве води низ долината на Националниот парк Жупа. На југозапад, кон албанската граница, пејзажот е драматичен. Зимскиот и летен туризам продолжуваат да претставуваат вистинска перспектива за оваа општина. Само да именуваме неколку потенцијали, Шар Планина, особено околу преминот Превалец и неговите ски области погодни за почетници и средни скијачи, Градот Призрен, богат со историја и културен живот. Во Призрен, постојат три природни резервати: „Maja e Arnetit“, „Oshljaku“ и „Pisha e Madhe“, кои се важни со резерватите на ендемично-реликтни видови на босанскиот бор (Pinus Heldreicheii). Призрен е една од среќните локации во однос на количината на водните ресурси. Најважна и најдолга река во Призрен е „Drini i Bardhe River“ (111 км). Таа влегува во Призрен од север и продолжува кон југозапад кон Албанија и се влева во Јадранското Море. Реката создава мало езеро внатре во границите на селото Добрушта. Реката Лумбарди со должина од 35 км, тече низ долината Жупа и продолжува низ центарот на градот Призрен. Друга важна река во Призрен е реката Топлуха, долга 37 километри. Градот отсекогаш бил раскрсница на култури и на различни етнички групи и затоа Призрен ја одразува извонредната историја на Косовската територија. Постојат бројни значајни монументални згради наследени од различни цивилизации, особено од отоманската ера, кога градот се стекнал со важност како просперитетен трговски град, поради неговата стратешка позиција. Во Општина Призрен има 291 културни споменици и локалитети, кои ги наведува Институтот за заштита на спомениците (2009). Градот Призрен

има најголема количини на споменици но и различни типови на споменици и локалитети кои претставуваат историска позадина на неговата територија. Како класификација на архитектонски споменик, постојат 50 јавни објекти во употреба и / или сопственост на јавни или државни страни во општина Призрен. Во пописот од 2002-2003 година се наведени над 500 споменици на наследство, а базата на податоци вклучува 383 архитектонски и 13 подвижни споменици. 168 од нив се сакрални, 193 профани и 22 утилитарни.

Општина Штрпце се наоѓа во југоисточниот дел на Косово со површина од околу 247 км2 и го опфаќа градот Штрпце и 16 села. Најпознатото село е Брезовица, кое вклучува ски-центар. Скијачкото одморалиште Брезовица било официјално отворено во 1954 година, иако патот и ски-лифтовите биле изградени подоцна. Одморалиштето било многу популарно за регионот, кое било домаќин на различни скијачки натпревари и служело како алтернативна локација за Олимписките игри што се одржувале во Сараево во 1984 година. Сега во зима функционираат само три ски-лифтови. Објектите се стари и се немаат направено никакви сериозни зафати за реновирање, сепак, местото сè уште привлекува многу туристи, главно од Косово и Албанија, во зимските викенди. Компанијата која работи со ски-лифтовите, исто така е и сопственик на хотелот Молика (молика е има на македонски бор), хотелот Нарцис и Бреза во селото и ресторанот Мала Брвнара на патот кон ски-центарот. Селото Севце е едно од поголемите села во општина Штрпце со 1400 жители. Лоциран е во подножјето на врвот Ошљак, каде што е изворот на реката Лепенец. Севце е едно од најстарите населби во регионот, но исто така, се соочува со изолација, бидејќи јавниот превоз постои само во учебната година. Според косовскиот попис на населението и домувањето во 2011 година, вкупното население на општината е 6.949. Штрпце има пет (5) џамии, од кои сите се во употреба и 16 српски православни цркви, повеќето од нив се во употреба. Пет (5) српски православни цркви во општината се наведени како посебни заштитни зони, црквата Св. Никола во градот Штрпце, црквата Св. Теодор во село Долна Битиња (Biti e Poshtme), црквата Св. Никола во селото Готовуша, црквата Св. Богородица во село Готовуша, и црквата Св. Ѓорѓи во село Горна Битиња (Biti e Epërme). Вкупно десет (10) места на културно наследство, (четири (4) археолошки и шест (6) архитектонски) во општина Штрпце се вклучени во листата на Министерството за култура, млади и спорт, список на места под трајна / привремена заштита.

Шар Планина

Општи податоци за природните вредности на Шар Планина[5].

Шар Планина се наоѓа во северозападниот дел на Република Северна Македонија. Масивот се протега североисток - запад - југозапад во должина од 80км (мерено по гребен), со површина од 1600 км2 и просечна височина на гребенот од 2200м. Започнува со реката Лепенец, односно со врвот Љуботен (2499м.), а завршува со Морава (2147м.) поточно со истекот на Мавровска Река од Мавровското Езеро.

Шар Планинскиот масив спаѓа во млади верижни планини, со планинска клима која се карактеризира со студени зими и пријатни лета. Просечната температура во зимскиот период е -1,5°C, а во лето 17°C. Дебелината на снежната покривка во просек е 1м со траење од четири месеци на височина над 1300м. Ветровите кои дуваат најчесто се од северозападен правец.

Масивот го карактеризира богата флора и фауна. Изобилува со високо - планински пасишта од 45000хе, и високо-стеблести четинарски шуми, од кои најзастапени се високата ела и смрчата, а во пониските делови буковата и костеновата шума, која ја има до височина од 1700м (10000хе). На Шара се среќаваат над 200 ендемични растенија, што е највисок процент на ендемизам во Република Северна Македонија. Застапеноста на фауната е исто така голема, со над 44 видови дивеч од кои ги издвојуваме: рисот, срната, дивокозата, мечката и дивата свиња. Од птиците се издвојуваат повеќе видови на орли, соколи и јастреби. Надалеку познат е шарпланинецот кој е ендемски вид и гордост на Шар Планина и Република Северна Македонија. Посебна карактеристика на Шар Планина се т.н. Шарпланински Очи кои всушност претставуваат голем број на глацијални-леднички езера. Нивниот број е 25 постојани, 14 повремени и преку 150 локви. Водениот потенцијал на овој масив е огромен и брои преку 200 извори на чиста изворска вода. Од рудните богатства застапен е манганот, железната и хромната руда, молибденот, бакарот и други минерали.

[5] Група на автори, "Natural values of Shar Planina Mt.", Macedonian Ecological Society, Skopje 2010

Шар Планина брои голем број на врвови со височина над 2200м. Ги набројуваме почнувајќи од почетокот на протегањето на масивот од северозападната страна: Љуботен (2499м), Ливадица (2497м), Пирибег (2524м), Чаушица (2651м), Бистрица (2571м), Црн Врв (2585м), Кобилица (2528м), Вртоп (2555м), Караникола (2409м), Скакало (2493м) кои потоа преку Бабаасаница се спуштаат во најубавиот и најатрактивниот дел на овој масив, а тоа е просторот на Лешница (1450м). Оттука се искачува на највисокиот предел на Шара каде се наоѓа највисокиот врв, Титов Врв (2747м). Околу овој врв се наоѓаат уште неколку врва: Церипашина (2525м), Син Врв (2550м), Казани (2567м), Бакардан (2704м) и Мал Турчин (2702м), кои продолжуваат кон Џинибег (2610м), Трапезаница (2590м), Борислаец (2675м), Рудока (2658м), Голема Враца (2582м), Врв на Радика (2405м), Расенѓул (2386м), Лера (2194м) и Морава (2147м) кои постепено се спуштаат.

Геологија[6]

Според геолошкиот состав, како и според општите географски карактеристики, Шар Планина може да се подели на три целини кои не се униформни:

- Краен североисточен сегмент (од долината на реката Бистрица до врвот Љуботен).
- Централен сегмент (од долината на Маздрача, преку долината на Пена, се до долината на реката Бистрица).
- Краен јужен сегмент (од долината на реката Маздрача на север, до Ничпурска Планина и Кожа на југ).

Геоморфологија[7]

Релјефот на Шар Планина е поделен на повеќе релјефни форми:

- Полигенетски површини – тоа се најстарите релјефни форми на Шар Планина претставени во вид на брановидни зарамнини.
- Доминантни планински врвови – Шар Планина се одликува со голем број врвови што се издигнуваат над 2.000 m надморска височина, а значителен е и бројот на оние со над 2.500 m надморска височина.
- Карпести отсеци – Најмаркантни се оние кај Лешница, од десната долинска страна на реката Пена.
- Флувијален релјеф – Карактеристични се повеќе водотеци кои што по нивното течение оформиле длабоки долини и клисури.
- Карстен релјеф – Поради малата појава на карбонатни површини, карстниот релјеф е слабо застапен на Шар Планина.

[6] Група на автори (фуснота 4)
[7] Група на автори (фуснота 4)

- Глацијален релјеф – За време на последната глацијација, кон исток, југоисток, север и североисток од планината се спуштиле глечери кои оставиле голем број на циркови.
- Периглацијален релјеф – Карактеристични форми од овој релјеф се среќаваат на Рудока, Трапезница, во највисоките делови на сливното подрачје на реката Пена, како и во изворишниот дел на Боговинска Река.

Hydrology[8]

Водното богатство на Шар Планина го сочинуваат голем број извори, стрмни планински водотеци и повеќе глацијални езера.



- Изворите на Шар Планина се јавуваат во подножја на талуси (лабави и паднати камени фрагменти), плазеви (отпад-груби фрагменти од камен), во подножјата на карпести отсеци, на голи и тревни падини и на други места. Се сретнуваат неколку стотини извори од кои на страната на Република Северна Македонија поважни се околу деведесет.
- Водни текови – Од Шар Планина кон Полог се сливаат над стотина помали или поголеми водотеци. Извориштата на повеќето од поголемите водотеци достигнуваат до голема височина – над 2.400 m. Повеќето се во вид на изворишни челенки, составени од мрежа на помали рекички. Тие се сливаат во неколку главни краци од кои настанува самата река. Една од најразвиените е челенката на Вратничка Река. Нејзините два крака до вливот на Љуботенска Река настануваат од 48 симетрично разгранети рекички. Речиси сите реки на Шар Планина припаѓаат на сливното подрачје на реката Вардар, а поголемите од нив се влеваат во неа.

- Глацијални езера – Се смета дека на делот на планината што припаѓа на територијата на Република Северна Македонија се наоѓаат околу 30 езера, од кои 21 се постојани. Позначајните езера се: Ливадичко Езеро, Јажиначко Езеро, Големо Езеро, Горно Доброшко

[8]Група на автори (фуснота 4)

Езеро, Долно Доброшко Езеро, Караниколичко Езеро, Кривошијско Езеро, Бело Езеро, Боговинско Езеро и Црно Езеро. Деделбешкото Езеро и Лерското Езеро се последните езера на јужниот дел на шарпланинското било. Тие претставуваат последен сукцесиски стадиум на трансформацијата на глацијалите езера во блатен екосистем. Покрај глацијалните езера, на Шар Планина се наоѓаат и поголем број бари од кои попознати се двете: Челепински бари (2.315 м.н.в.), Рудочките бари (2.170 м.н.в.), Фудански бари (2.100-2.150 м.н.в.) и Врачанските бари (1.975 м.н.в.).

Клима[9]

Постои голема разлика во височината помеѓу подножјето на Шар Планина (Полог) и највисоките врвови, поради што има и промена на основните климатски типови и значително варирање на просечните климатски параметри во рамките на еден климатски тип. Од подножјето кон врвовите, континенталната клима се заменува со постудената планинска клима. На секои 100 m надморска височина, температурата на Шар Планина опаѓа за 0,5°C. Врнежите се зголемуваат со зголемување на височината се до 2.200 м, по што почнуваат да опаѓаат.

Просечната годишна температура во подножјето на Шар Планина се движи помеѓу 10,5 и 11°C. Климата на Попова Шапка (1750 м.н.в.) се одликува со ниска просечна температура од 4,6°C. Попова Шапка се одликува со обилни врнежи. Просечно паѓаат околу 1100 мм, но во некои години ова количество изнесува и над 1500 мм. Постојана снежна покривка се јавува од декември до март. Максималната височина на снежната покривка изнесува 160 см, а на повисоките терени и до 200 см.

Флора[10]

Флората на Шар Планина е исклучително богата и според моменталните податоци таа брои над 2000 видови васкуларни растенија, што е повеќе од половината на цела Северна Македонија. Шар Планина е еден од најзначајните балкански и европски центри на високопланинскиот ендемизам во кој се вбројуваат реликтни, ендемореликтни и ендемични видови. На Шар Планина се среќаваат околу 200 ендемични и субендемични растителни таксономии (видови, подвидови и вариетети).

[9] Група на автори (фуснота 4)
[10] Група на автори (фуснота 4)

Стеноендемични орофити (планински видови) кои имаат терциерна, поретко глацијална старост; терциерни орофити (планински видови со терциерна старост), а тоа се најчесто стеноендемични или субендемични видови; глацијални видови со аркто-алпско распространување (видови од леденото доба) кои се многу ретки видови на Балканскиот Полуостров.

Фауна[11]

Фауната на Шар Планина не е така добро истражена како флората и покрај исклучителните вредности што ги поседува.

- Без'рбетници - Фауната на дневните пеперутки е претставена со 167 видови што претставува 80% од фауната на дневните пеперутки на Република Северна Македонија. На Шар Планина не се среќаваат ендемични дневни пеперутки. Повеќе ретки видови пеперутки се значајни од аспект на зачувување на биолошката разновидност. Земјените бубачки тркачи (Carabidae) се претставници на најбројната група организми – бубачки тврдокрилците (Coleoptera). На Шар Планина се познати околу 140 видови тркачи. Според бројот на видови, Шар Планина е една од најбогатите планини со Земјените бубачки тркачи во Република Северна Македонија, додека според бројот на ендемити и реликти, Шар Планина спаѓа во најзначајните планини на Балканскиот Полуостров заедно со Проклетије, Пирин и Рила. Скакулците на Шар Планина се слабо проучувани. Досега се познати 40 видови што би било помалку од половина од реалниот број. Фауната на копнените полжави на Шар Планина е застапена со 49 видови.
- 'Рбетници - Рибите на Шар Планина се многу малку проучувани. Засега е познато дека во планинските потоци и реки се среќаваат поточката пастрмка (Salmo trutta), црната мрена (Barbus meridionalis petenyi) и кркушката (Gobio gobio). Фауната на водоземците (батрахофауна) на Шар Планина е исклучително богата. Се среќаваат 12 од вкупно 15 видови во Република Северна Македонија. Не помалку е застапена и фауната влекачите (херпетофауна) на овој масив. Регистрирани се 17 видови влекачи, што е скоро половина од вкупниот број во Република Северна Македонија. Остроглавата шарка е глобално загрозен вид кој се наоѓа на црвената листа за загрозени видови во Европа, а кај нас го има статусот на строго заштитен вид. Орнитофауната (фауната на птици) на Шар Планина е релативно скромна, имајќи ја предвид нејзината големина и богатството на стаништата. Се проценува дека на Шар Планина се среќаваат најмалку 130 видови птици. Меѓу нив најбројни се гнездилките, а најинтересна е фауната на птиците на високопланинските отворени терени, поради присуството на

[11] Група на автори (фуснота 4)

алпски видови. Од мршојадците денес се среќава само белоглавиот орел (Gyps fulvus), кој не се гнезди на Шара, туку во помал број доаѓа во летните месеци во потрага по храна. И бројот на другите грабливки е намален, па така и златниот орел (Aquila chrysaetos), се среќава со само неколку двојки. На Шар Планина се регистрирани 45 видови цицачи, од вкупно 78 во Република Северна Македонија. Меѓу

нив, пет се наоѓаат на светската црвена листа, од кои три се класифицирани како загрозени. Најзагрозена е балканската полјанка (Dinaromys bogdanovi), класифициран како ранлив вид кој ги населува високопланинските камењари, додека пак балканскиот рис е најзагрозениот подвид кој се среќава во Република Северна Македонија со популација проценета на помалку од 60 возрасни единки на Балканот. Јужните делови на Шара сè уште претставуваат упориште на ова критично загрозено животно. Од големо значење за заштита се и кафеавата мечка (Urus arctos) и дивокозата (Rupicapra rupicapra balcanica). Од копитарите, најзначајна за заштита е дивокозата (Rupicapra rupicapra balcanica).

Агробиодиверзитет[12]

Големата разновидност на дивите видови растенија, габи и животни на Шар Планина е нејзин значаен белег. Сепак, оваа планина е позната и по разновидноста на домашните животни и растенија, а специфичен белег и дава локалната раса куче – шарпланинец и овцата шарпланинка.

Шарпланинецот е овчарска раса куче со формиран инстинкт за заштита на стадата овци. За прв пат оваа раса се споменува во 30-те години на минатиот век, а во 1957 е регистрирана како шарпланинец во меѓународната кинолошка федерација (од 1939 до 1957 година се водел како илириски овчар).

[12] Група на автори (фуснота 4)

Габи[13]

На Шар Планина се познати вкупно 365 видови габи од кои 210 се лигниколни, а останатите се териколни.

Културно наследство во потшарпланинскиот регион / Полог

Освен со природни атракции, регионот е богат и со историски артефакти лоцирани насекаде низ регионот. Од посебно значење е Тетовската Менада, но и историските споменици од османлискиот период, посебно во регионот на Тетово, како што се **Арабати Баба Теќе**, Шарена Џамија, Турската Бања, неколку калиња, неколку позначајни цркви и манастири, осебно Лешочкиот манастир.

Во Тетово е лоциран Дом на културата, „Ило Антевски-Смок'' кој е изграден врз темелите на Чаршиската Џамија во 1975 год. Во овој дом паралелно се развива културата на сите националности кои живеат тука и тоа преку разни активности: музички, драмски, литературни и др. Во рамките на домот се наоѓа библиотека која има околу 30.000 дела. Тука дејствуваат и мешаниот младински хор, женскиот хор, машкиот хор и разни културо уметнички друштва, меѓу кои и „Ило Антевски Смок“ и „Џеладин Зеќири“. Во склоп на драмските активности функционира драмско студио за деца, млади и возрасни. Исто така, тука се организираат и разни уметнички галерии. Од литературните активности тука се и литературните клубови “Литературен Клуб 94“ и “Кирил Пејчиновиќ“ кои организираат разни промоции на книги, литературни вечери со читање на дела на наши автори од минатото, објавуваат конкурси за млади литературни уметници и др.

[13] Група на автори (фуснота 4)

Во Гостивар ваквите активности се изведувааат во Домот на Културата „АСНОМ“, позади кој веднаш се наоѓа библиотеката „Вук Караџиќ“. Од знаменитостите кои може да се видат во Гостивар се Гостиварската Саат Кула, Гостиварската Саат Џамија со Медресето, Црквата Св. Димитрија и соборниот храм Успение на Пресвета Богородица.

Историските локалитети во помалите населени места во потшарланинскиот регион ни малку не ја намалуваат вредноста на регионот. Древниот „Леген Град“ во близината на с. Једоарце, Лешочкото и Орашкото Кале, месностите околу повеќето подгорски села кои датираат од ранохристијанскот период, а денес се користат како излетнички места, се значајни делови од ланецот кој е потребно да се креира за идниот развој на планинскиот туризам. Интересна културна пикантерија во потшарпланинскиот регион е „Најмалиот етно музеј во светот“, кој се наоѓа во село Џепчиште.

Во регионот постојат повеќе фестивали и културни манифестации од локален и регионален карактер. Секоја од општините во регионот има свои фестивали и манифестации поврзани со верските празници, традицијата и етнографските карактеристики. Од регионален карактер позначајни активности кои се организираат се музичките фестивали: Шара пее (Shari kendon), манифестација каде се презентира фолклорот од разни места каде живее албанскиот народ; “Тетовски фолк филиграни“ кои се организираат во Лешочкиот Манастир; „ТЕХО“ Тетовски хорски одзиви, меѓународно натпреварување на хорското пеење; „Блетезат“ и „Тетовски јаболчиња“ - детски музички фестивали и многу други.

Спортските настани, а посебно ќе ги споменеме настаните организирани на планина, исто така имаат значајна улога во развојот на планинскиот туризам во меѓуграничнот регион. Од планинарските настани најголемо значење има традиционалното искачување на највисокиот врв на Шар Планина, Титов Врв. Настан кој се организира секоја година последниот викенд на месец Мај, а датира од 1980 година. Карактеристиката на овој настан е што за време на организирањето, пристигнуваат гости од пошироките простори на Балканот, голем број на организации од областа на планинарењето со вкупен број на искачени планинари кој во просек изнасува околи 1000 искачени на самиот врв. Настанот „Шарски Воде“ кој претставува велосипедска трка на 80 км и се одвива на каналот Шарски Воде, го вметнуваме помеѓу значајните спортски настани кои се организираат во регионот. Параглајдинг купот „Менада“ е настан кој се однесува на натпревари со параглајдери во разни дисциплини од областа на овој спорт. Најзначајнот настан, оргазнизиран во регионот, кој датира од 1947 година и претставува најстарата скијачка манифестација во Македонија е Шарпланинскиот Куп. Шарпланинскиот Куп е натпревар во скијање во две дисциплини, слалом и велеслалом, а се организира на скијачките терени на Попова Шапка. Овој настан поради организациски недостатоци, не се организира секоја година. На сите гореспоменати настани, освен дирекното учество на натпреварувачи, искачувачи и организатори,

посетителите се важен чинител за локалениот економски развој за регионот и ја имаат улогата на индирекни уесници.

Културно наследство во регионот на Шар Планина / Јужен економски регион Косово

Покрај природните атракции, регионот е богат со историски артефакти кои се наоѓаат низ целиот јужен економски регион. Остатоците од комплексот Широко се наоѓаат во близина на Муштишт. Комплексот потекнува од периодот од 10-ти до 7-ми век п.н.е., но исто така има средновековни остатоци. Во римскиот период, планината била тромеѓе помеѓу провинциите Далмација, Моезија и Македонија. Трасата на древниот пат го преминала Скардус од 169 п.н.е. Патот подоцна бил наречен Вељи ("Големиот") или патот Призрен. Изграден е патот Лисински. Остатоците од тврдината на ридот Крадиште, во близина на Призрен, датираат од 2 до 6 век и сведочат за промената на цивилизациите во овој регион: започнале во пред-римскиот период, а потоа станал римски град, а подоцна и византиски. Локалитетот Равна Гора, претходат на VI век, каде што Словените подоцна ги кремирале своите мртви, се наоѓа во областа. Средновековниот воен комплекс на Петричката тврдина, кој се состои од две тврдини, Малиот Петриќ и Велики Петриќ, исто така е зачуван. Остатоци од Вишеградската тврдина, постариот дел од Призренската тврдина, се наоѓаат во клисурата на реката Бистрица. На падините на планината има 45 српски православни манастири кои датираат од 12 до 16 век. Црквата Успение на Богородица во селото Готовуша била изградена во 16 век. Подоцна бил уништен и повторно изграден во втората половина на 19 век. За време на работа во дворот на црквата во 2010-та година бил откриен мозаик од многу постара црква од византискиот период. Постојат бројни џамии низ градот, но најголемата, доминирајќи во центарот на градот е џамијата на Синан-паша, која е еден од најважните споменици од времето на Отоманската империја на оваа територија. Според натписот во внатрешноста на џамијата, Софи Синан паша го изградил за своите сограѓани, во хиџриската година 1024 (1615), користејќи го градежниот материјал од манастирот Св. Архангел, кој Османлиите го уништиле и разрушиле до земја, истата година. До **Џамијата Бајракли** - џамијата на Султан Мехмед освојувач од 14 век, може да се стигне преку првата лева улица пред Хамамот. Бајракли џамијата датира од 1566 година и е веројатно најубавата џамија во Призрен со раскошни дрвени дела и детални сино-бели слики.

Амамот (Турска бања) во Призрен е ран споменик на османлиската ера во која се комбинираат ориенталните и локалните традиции. Таа била изградена во срцето на градот во 1563/4 од Гази Мехмет Паша, во времето кога ја градел блиската џамија. Амамот има два големи и девет мали куполи и е разделен на делови за мажи и жени. Како еден од најскапоцените амами во Југоисточна Европа, тој ги отелотворува посебните архитектонски, историски, културни и општествени вредности. Интегриран со векови во животот на граѓаните, тој станал симбол за духовното и културното наследство на Призрен и неговиот регион. Зградата функционирала како амам до 1944 година. Потоа служела за производство на сирење, како магацин, а подоцна и влезната партија се користела за културни настани. Во времето кога бил заштитен од државата од 1954 година, амамот бил реновиран и одржуван до 1981 година, кога бил оставена на милоста на времето. **Шадерван** е главниот плоштад и место за собирање во вечерните часови и е опкружен со кафулиња, барови, ресторани и продавнички за сладолед. Во текот на денот ова е одлично место за седење и кафе или ручек и да го гледате градот и неговиот бизнисот. Во август градот е домаќин на **Меѓународниот фестивал на документарен и краткометражен филм Докуфест** www.dokufest.com. За време на фестивалот, градот е полн со луѓе и различни забави се случуваат во баровите до доцна во ноќта.

Етнологија / Полог регион

Полошкиот регион се карактеризира со население од повеќе етнички заедници кои живееле и сеуште живеат на негова територија. Најголемите етнички заедници во овој регион се Македонците и Албанците, а покрај нив голем дел од населението се и припадниците на Турската, Ромската и Српската заедница. Покрај богатата и различна култура поради различните националности на овој регион, религијата исто така е значаен дел од историјата и развојот на народот кој живее во овој регион. Најголем дел од припадниците на населението во овој регион се муслимани, а останатиот дел се припадници на христијанската вероисповед.

Важноста на овој сегмент во студијата, е во насока на развој на планинскиот туризам, затоа што богатството на културата преточено во традиционалните вредности кои сеуште се негуваат во руралните населени места, има големо значење за привлекување на туристи. Различните етникуми имаат различни традиции кои се сведуваат на еднакви вредности. Традиционалната носија, приготвувањето на традиционална храна, изработка на ракотворби, музиката и музичките инструменти, игрите, ората и обичаите кај христијанското и муслманското население се различни, но сепак ја имаат истата цел.

Приготвувањето и дегустацијата на традиционална храна во муслиманско и христијанско семејство е нешто што секој турист би го пробал при посета на регионот. Запознавањето

со традиционалните игри, ора, обичаи, слушањето на различноста во музиката, изработката на традиционални инструменти, потоа разгледувањето на практичноста на облеката и носиите и секако изработката на ракотворби, се активности кои како дел од целокупната понуда за меѓуграничниот регион може да се понудат на туристичкиот пазар.

Етнологија / Јужен економски регион Косово

Се проценува дека сегашното броење на населението на економскиот регион Југ е околу 513.000 жители, што претставува околу 24% од населението на Косово. Трендот на населението во регионот расте. Иако регионот покрива помалку од 19% од територијата на Косово, густината на населението е затоа повисока од просекот.

Општините во регионот значително се разликуваат во густината на населеност, при што општините Мамуша и Призрен се најгусто населени (односно со 458 лица / км2 и 375 лица / км2 по општина) и Малишева се најретко населени (212 лица / км2).

Етничката структура на населението во регионот е мешана, каде што косовските Албанци сочинуваат над 88,5% (454.005 лица) од населението. Другите главни етнички групи присутни во регионите се со етничка припадност на Бошњаци и Горанци со учество од 8% (41.040 лица), етнички Турци со 1,8% учество (9.234 лица), етничка заедница Ромска Ашкалија и Египет со 1,3% (6.669 лица) и етнички Срби со 0,4% (2.052 лица) како дел од населението.

Демографски податоци. Регионот Југ има популација која може да се карактеризира како млада. Една студија покажува дека над 37% од населението е на возраст под 18 години. Ова е поврзано со просечната големина на домаќинствата и просечниот број на деца во домаќинството кои во овој регион се многу повисоки од истите бројки за цело Косово.

Комуникација / Економски Полошки регион

Две главни интернационални точки за комуникација во Република Северна Македонија се Меѓународниот Аеродром Скопје и Аеродромот Охрид.

Оддалеченоста на Меѓународниот Аеродром Скопје до главниот град Скопје е приближно 23 км, а до Скопје може да се пристигне со автобуски или такси превоз. Главниот град Скопје е на приближно 45 километри од градот Тетово и на 66 километри од градот Гостивар, со кои има редовни автобуски линии за превоз. Покрај поврзаноста со Тетово, од главниот град може директно да се пристигне и до другите општини и селата кои припаѓаат под тие општини, (за кои што нема редовни автобуски линии, но постои пат кој од автопатот Скопје-Тетово се приклучува директно на локалните патишта кон овие села). Често постои и организиран комби превоз за до одредени села и општини.

Од аеродромот во Охрид до градовите Гостивар и Тетово може да се пристигне со директните редовни автобуски линии или такси превоз, а е на приближно 100 километри оддалечен од двата града.

Од градот Тетово до сите села во околината може да се пристигне преку локалните патишта кои водат кон нив, за кои има комби превоз, можност за транспорт со такси, и нормално со сопствено возило. До одредени села постојат и редовни автобуски линии. Селата Боговиње и Јегуновце се на оддалеченост од приближно 16 километри од градот, селото Теарце е на 11 километри од Тетово. За планинските села, кои се почетна точка на доста планинарски тури, исто така постои комби превоз од градот, а до нив може да се пристигне и со такси превоз или сопствено возило. Планининските села се на оддалеченост од 10 километри (Вејце) до 25 километри (Бозовце, Вешала) од градот Тетово.

Од градот Гостивар до локалните села и општините во регионот може да се пристапи по локалните патишта за кои исто така има организиран комби превоз, а до одредени села има и редовни автобуски линии. Општина Врапчиште е на оддалеченост од 19 километри, Општина Боговиње на 16 километри од градот.

До популарните ски центри Попова Шапка и до националниот парк Маврово, постои локален пат поврзан од Тетово и Гостивар. Ски центарот Попова Шапка е на 20 километри од Тетово, за што има редовна автобуска линија, а е пристапен и со такси превоз. Националниот парк Маврово е на оддалеченост од 35 километри од градот Гостивар. До националниот парк има директни автобуски линии и од другите градови, вклучувајќи го и главниот град Скопје, комби превоз, такси превоз.

Комуникација / Економски регион Јужен Косово

Регионот Југ се карактеризира со развиена мрежа на локални, регионални и главни патишта, но поголемиот дел од нив се во релативно лоша состојба. Една од најважните цели за Косово во однос на развојот на транспортот е обезбедување на поврзување со паневропските патни коридори. Економскиот регион Југ во моментов не е поврзан со ниту еден од коридорите на Трансевропската мрежа (TEN). Регионот е поврзан со коридорот Е10 преку автопатот Драч - Призрен - Приштина - Мердаре. Изградбата на автопатот значително ги зголеми шансите на регионот. Во регионот Југ има околу 1200 км локални патишта. Повеќе од 50% од нив или 633 км се асфалтирани.

Регионите на Призрен и Шара, имаат многу геостратегиска позиција во однос на комуникацијата и има предност во однос на другите градови во Регионот, не е далеку од крајбрежјето на Албанија на запад и не е далеку од аеродромот во Приштина 70 километри (автопат) и Скопскиот аеродром 130 км. Регионалниот пат од Призрен Р115 го поврзува

Призрен, преку скијачкиот центар НП Шари до Брезовица ски центарот, на исток до преминот Глобочица, со Тетово (108 км) на македонска страна.

Регионалната географска положба на Призрен најдобро може да се разгледа преку анализирање на нејзината позиција во однос на Косово, рамнината Дукаѓини и рамнината Лумбард. Косово се состои од области Косово и Дукаѓини. Тие се опкружени од речиси сите страни со високи планини и претставуваат јасно поделена целина. Косовските и Дукаѓинските области се во средниот дел на Балканскиот полуостров. Косово и областа Призрен имаат транзитен карактер помеѓу панонските и понтонските региони, од една страна, и Егејско-јадранскиот регионот, од друга страна. Овие транзитни врски овозможиле овие области, со речните корита и премините меѓу нив, кои претставуваат природни врски, да обезбедат лесно движење и претставуваат сообраќајни патишта исто така. Општина Призрен на север се граничи со општините Сухарека и Раховец, на југ со општина Драгаш, на исток со општина Штрпце и на запад со границата со Република Албанија. Призрен се наоѓа надвор од европската автопатна мрежа. Нејзините важни патишта не минуваат низ нејзината територија. Близината на границата и неконтролираните сообраќајни врски со Албанија, како и високите планини кои го опкружуваат Призрен од сите страни, имаа негативно влијание врз развојот на овој регион. Сепак, природните предиспозиции даваат поволни можности за поврзување со поодалечените соседи. Со формирањето на квалитетни врски, Призрен ќе има многу подобра позиција за туристички и товарни текови, како и поефикасна врска за интеграцијата во пошироките области на Косово, Албанија, Република Северна Македонија, другите погранични региони и Европа. Историските услови во претходните периоди, релативно несоодветната позиција во однос на главните сообраќајни и потрошувачки центри, како и недоволното отворање кон соседните региони на Албанија, Црна Гора и Република Северна Македонија, го направија Призрен со недоволно експлоатирани елементи: педолошкиот состав на почвата, климатските услови на медитеранската клима и хидролошките услови, за развој на земјоделството и природните услови за развој на туристички и рекреативни активности. Сето ова има влијание врз економската структура на Призрен.

Краток осврт на историјата на развој на планинскиот туризам на Шар Планина за Полошкиот Регион

За да може да зборуваме за иден развој на Шар Планина како туристичка дестинација и да ја гледаме истата како потенцијал за развојот на планинскиот туризам во регионот, мораме да се вратиме во историјата, да знаеме каде се корените и почетоците на се она што некој пред нас го започнал.

Шар Планина за првпат месното населени го привлекува заради стопанско-економски побуди, додека пак, вистинското внимание кон Шара, први го свртеле странските научници, авантуристи и планинари. За првите искачување на Шар Планина од научен аспект, сведочат повеќе записи од втората половина на 19-ти век. Овие први научни искачувања, најчесто се изведувани од геолози и ботаничари поради разновидноста на теренот и разновидниот растителен и животински свет кој може да се сретне на Шара. Освен за научни испитувања, Шара е на мета и за воени испитувања кои се должат на геостратешката положба на планината.

Првите истражувачи на Шар Планина биле француските геолози Ами Буе и А. Викенел, кои во 1838 година од Тетово се искачиле на Кобилица од каде преку с. Стружје се симнале во Призрен. Следната 1839 година во месец јули, Гризебах со девет мештани и еден војник под водство на турски офицер преку с. Старе Село се искачил на Љуботен. Во 1877 година на Шара престојува тим на военo - географскиот институт од Виена. Познатите Балкански географи, Јован Цвијиќ и Риста Николиќ во 1910 година од Тетово, преку преминот „Шар“ се симнале во Призрен.

Како што може да видиме, уште во 19 век постоело интересирање за Шар Планина. Таа заземала централно место на Балканскиот Полуостров поради своите убавини, големиот број глацијални езера, огромните пасишни терени, разновидната флора и фауна, но и поради економскиот и политичкиот карактер. Иако интересирањето за Шар Планина како биолошко - геолошки и економско - туристички потенцијал било големо, во нашиот крај истото немало можност да се развива.

Во предисторијата на планинарството, поточно планинскиот туризам, ги вбројуваме искачувањата по шарските предели од страна на месното население кои, се разбира, немале никаква врска со туризам во денешна смисла на зборот, а се изведувале пред горенаведените научни искачувања. Сепак тука се работи за една поблиска историја во која населението под Шар Планина почнува да се движи по истата, но не поради стопанско-економски или други побуди, туку поради љубопитноста, желбата за откривање нови работи и да се избега од секојдневието.

Сепак, планинарството и планинскиот туризам како нови гранки во општеството и како организиран облик на рекреација и физичка активност која е во идеален сооднос со природата, на Шар Планина започнуваат во средината на дваесеттите години на минатиот век.

На 23 март 1925 година, дел од граѓаните на Тетово одржуваат состанок - Собрание за формирање на планинарско друштво "Љуботен"[14]. Љуботен ден денес претставува најстар активен планинарски клуб во Република Северна Македонија.

[14] Архива на Планинарски Клуб „Љуботен“ - Тетово

Во почетокот на 1930-тите, луѓето кои ги поставиле темелите на планинскиот туризам на Шар Планина ја согледале потребата од објекти на самата планина и нивната улога во понатамошен развој на планинскиот туризам. Така, со иницијатива на планинарското друштво „Љуботен“, во 1931 год., под врвот Љуботен се изгради првиот планинарски дом во Северна Македонија.

Приказната за изградбата на домот на Попова Шапка е доста значајна и интересна. Темелите на тој дом, се темели на сегашниот скијачки центар Попова Шапка. Домот е изграден во 1934 година а надограден и проширен во 1938 година.

Истата година, за потребите на тогашните членови на планинарските друштва се поставуваат првите маркации. Првите маркации се поставени на релација Тетово – Попова Шапка, Попова Шапка – Јелак, Јелак – Лешница и Попова Шапка – Титов Врв.

Во овој период друштвата во Тетово и Скопје во 1938 година го изработуваат првиот промотивен материјал, брошура, лифлет за туристички производ – „Зима на Шар Планина“.

Во време од 1950 до 1955 година се градат два планинарски дома на Јелак и Лешница и се градат 4 засолништа по гребенот на Шара. Тие биле на Пирибег, Црн Врв, под Титов Врв и на Џинибег (засолништата се најголем тренд во планинскиот туризам на Алпите). Во овој период се формираат и други планинарски клубови во регионот: „Југохром“ од Јегуновце, „Бистрица“ од Теарце, „Тетекс“ и „Јелак“ од Тетово и „Бистра“ од Гостивар. Во 80-тите почнуваат поинтезивни искачувања на Шара, од една страна од членовите на планинарските друштва, и од друга страна од туристите кои доаѓаат да ја посетат Шара.

За потребите на своите организации, а пред се за безбедност на своите членови, планинарските друштва започнуваат подетално и плански да ги обележуваат планинарските патеки на Шар Планина. Со меѓусебен договор, друштвата ги распределуваат патеките кои им се повеќе потребни. Обележувањето на патеките во тој период се врши според правилникот за маркирање на планинарски патеки на Планинарскиот Сојуз на Македонија кој е во соглсност со Југословенскиот Планинарски Сојуз. По овој правилник обележувањето се врши се до 2000 година.

Краток преглед на развојната историја на планинскиот туризам на Шар Планина во јужниот економски регион Косово

На косовска страна, градот Призрен е можеби најпосетената локација околу Шар Планина. Туризмот во и околу градот веќе се развивал во текот на 1960-тите, кога бил изграден

асфалтниот пат кој првично го поврзува Призрен со Приштина, а подоцна и со други градови во Косово и Република Северна Македонија. Во истите години, исто така, хотелот Теранда почнал да работи. Подоцна, со отворањето на скијачкиот центар во Брезовица, значително се зголемил бројот на туристи.

Интерес за посета на вредностите на Шар Планина

Шар Планина има огромен потенцијал за развивање на планински туризам: скијање, планинарство, алпинизам, планински трекинг, планински велосипедизам, параглајдерство, спортски лов и риболов. Засега единствен ски-центар на Шара е Попова Шапка. Близината на коридорот 8 и коридорот 10 како и блискоста на двата аеродрома и поврзаноста со големите населени места во државата, на Шар Планина и дават идеална можност за развој на одржлив рурален туризам.

Двата постоечки зимски центри, еден во Северна Македонија и еден во Косово, се само показател дека овој регион треба да се развива и дека е идеално место за инвестирање во областа на туризмот. На овој масив можат да се подобрат постоечките туристички капацитети и инфраструктурата, како и да се развијат други видови на туризам. Развојот на Попова Шапка во современ туристички центар и шарпланинскиот регион како препознатлива регионална туристичка дестинација треба да се врвен приоритет во развој на туризмот на национално ниво пошироко во регионот.

Со своите потенцијали, овој регион во наредниот период може да стане туристичка дестинација која ќе ја посетуваат туристи од Република Северна Македонија, од регионот и од другите западноевропски земји. Компаративно гледано со зимските центри во Банско, Република Бугарија; Брезовица, Република Косово; Копаоник, Република, Србија, Попова Шапка има природни, човечки потенцијали и специфична местоположба да стане конкурентна регионална туристичка дестинација за развој на зимските спортови.

Тука се вбројуваат огромниот број на планинарски патеки, кои започнуваат скоро од секое населено место во потшарпланинскиот регион. Нивното идно сондирање, уредување и валоризирање по тежинска и туристичка класификација, ќе допринесе во остварувањето на идејата секое населено место само по себе ра се развививa како туристичка точка која ќе биде неодминлив дел од дестинацијата Шар Планина.

Од големо значење се пејсажните вредности кои Шар Планина ги нуди. Погледите кои се незаборавни, независно од тоа дали се наоѓате на врв или во подножје или на спортивната падина. Само за илустрација, кога времето е убаво од највисокиот врв на Шар Планина, Титов Врв 2747 м., може да се видат врвовите на Рила и Пирин во Бугарија на исток врвовите на Проклетие во Алабнија и Црна Гора на северозапад. Овие вредности се

најзанчајни за посетителите кои пешачат по планинарските патеки и кои ги посетуваат потшарпланинските насалени места.

Руралниот туризам во овие региони мора да заживее. Долгогодишната традиција на населението, миксот на култури и гастрономијата, се неизбежни сегменти кои е потребно да се форсираат во секое населено место во потшарпланинскиот регион.

Шара има богато културно и историско наследство распослано низ целиот потшарпланински регион, со историја која потекнува од антика па се до денес, каде се среќаваат многу значајни артефакти. Многувековното постоење на населбите во потшарпланинскиот регион и присуството на разни народи и култури придонело за развој на сопствени регионални традиции и менталит, кој му дава посебно значење на регионот и го прави уникатен во поглед на културно – историските традиции, специфичните јадења, специфичните регионални настани и сл.

Со развивање на туристички производ според потребите на пазарот, кои го опфаќаат пакетот на спортски активности надополнети со понуда од регионалните културно - историски атракции, како и сите форми на рурален туризам, ќе се зголеми конкурентноста на регионот. Тоа ќе придонесе за воспоставување на позитивна слика за Северна Македонија и шарпланинскиот регион на странскиот, но и на домашниот пазар.

Со тоа ќе се постигне целосна заштита на природното и културното наследство како основа за развој на туризмот, зголемување на девизниот прилив од туризмот, подобрување на инвестициите во други активности за поддршка на туризмот, зголемување на вработеноста и во крајна линија подобрување на квалитетот на животот на луѓето од регионот.

Интерес на странски туристи за посета на Шар Планина / Полог Региононот

Од 1956 година до денес, најголем број на ноќевања се остварени во втората половина на 80-тите години, со максимален број на туристи во 1987 година, кога се остварени 1.180.806 ноќевања. Во тој период земјата ја посетиле главно туристи од просторите на поранешна Југославија, но и од земјите од западна Европа, како Германија, Холандија и Франција. Во деведесеттите години, кризата што го потресе Балканот и поделбата на државата, драстично го намали нивото на туризмот во регионот.

Вкупниот број на ноќевања во периодот од 1995 – 2001 остана постојан и не ја надмина бројката од околу 600.000 годишно. Кризата во 2001 и намаленото ниво на безбедност ја заматија уште повеќе сликата за земјата во очите на потенцијалните посетители, како и на странските туристички оператори кои што влијаат на гледиштата на глобалната туристичка индустрија. Во текот на 2001 година земјата ја посетиле рекордно мал број туристи со вкупен број 333.308 ноќевања, што е најмала забележана бројка од 1966 до денеска. Од

2002 до 2005 год. е забележан пораст од 15,3 % во туристичките доаѓања, достигнувајќи бројка од 509.706 ноќевања на туристи. Од 2006 година наваму, бројот на туристи е во пад, како и бројот на ноќевања. Споредбено гледано бројот на ноќевања во 2009 во однос на 2008 бележи пад од 10,7%, иако бројот на странски туристи е во пораст за 8,6% во истиот период. Вкупниот број на туристи во Република Македонија во последната декада се движи околу 500.000 годишно од кои околу 200.000 се странци. Бројот на странците во изминатите години е во постојан пораст така што од 157.692 во 2003 г. достигнал 230.080 во 2007 година. Во 2007 и 2008 г. бројот на странски туристи бележи пад и изнесува 136.175 странски туристи во 2008 г., додека во 2009 г. тој број се искачува на 149146.

Регионално гледано најмногу ноќевања се остварени во југозападниот регион (и тоа повеќе од половина од вкупно 2.019.712 ноќевања во 2007 година), следува Скопскиот регион, Југоисточниот, Пелагонискиот, па Полошкиот регион. Полошкиот регион е на петто место со вкупно остварени 37.986 ноќевања во 2007 година. Во најголем дел ноќевањата во Полошкиот регион отпаѓаат на општина Маврово, заради ски центарот - Маврово, и во општината Тетово, заради Попова Шапка. Во периодот од 2001 до 2005 г. најатрактивна локација за туристите бил градот Скопје, што претставува реална слика, земајќи предвид дека најголемиот дел на деловните посети од странство се остварени во главниот град.

Од вкупниот број на странски туристи во периодот од 2001 до 2004 год., 21% престојувале во Скопје, 5% во планински места, 2% во бањски места, а 47 % во други туристички места, што ги подразбира природните и вештачки езера во Република Северна Македонија. Вкупно 25 % од туристите одлучиле да ги посетат останатите општини во Република Северна Македонија, каде не постојат бањи, езера или достапни планински локалитети.

Најголем број од странските посетители во Република Северна Македонија, веќе ја посетиле државата во минатото повеќе од четири пати, додека пак 18% од посетителите прв пат је посетиле земјата во таа година. Земајќи ги во предвид фактот дека процентот на посетители се зголемува со зголемувањето на бројот на посетите покажува дека најголемиот број на посетители се враќаат во Република Северна Македонија повторно.

Во полошкиот регион во периодот 2010-2014 година вкупниот број на пристигнувања на странски посетители се движи од 14.478 до 15332, а ноќевања од 26299 до 30846. Бројките ни покажуваат пораст на посетителите од 14.5% во периодот на 2010 – 2014 година, но имаме пад на процентот во однос на 2007 година. Последните три години состојбата со посетители и ноќевања во полошкиот регион е следна[15]:

- 2015 година, вкупниот број на посетители изнесува 30.200, од кој 15.635 се странски, а ноќевањата со вкупен број изнесуваат 60.574 од кој странски се 31.533

[15] Годишни извештаји на Заводот за Статистика на Република Северна Македонија.

- 2016 година, вкупниот број на посетители изнесува 27.318, од кој 13.513 се странски, а ноќевањата со вкупен број изнесуваат 52.590 од кој странски се 27.703
- 2017 година, вкупниот број на посетители изнесува 30.124, од кој 15.954 се странски, а ноќевањата со вкупен број изнесуваат 60.249 од кој странски се 32.972

Но, потенцираме само еден дел од овој сегемент претставен преку реализираните посети на 22100 учесници од целиот балкански простор, само на настанот искачување на Титов Врв, реализирани во периодот од 30 год. Или пак, 18000 туристи за време на еден викенд во зимската сезона на Попова Шапка. Недоволно искористените капацитети во зимската понуда покажуваат дека до сега е искористен само 35% од потенцијалот на Попова Шапка. Можеме да претпоставиме кој е вкупниот неискористен потенцијал за планински туризам на потегот Љуботен – Маврово од Македонска и Љуботен – Брод од Косовска страна.

Со целосно заживување и комлетирање на коридорот 8 и врзување на албанското со бугарското приморје, полошкиот регион ќе стане неодминлив простор за развој на туризмот.

Интересот на странските туристи да ја посетат Шар Планина / Косовска страна

Регионот на Шар Планина е регион што привлекува многу локални и странски посетители веќе еден век. Пред многу години, овој регион бил посетен од минувачи, студиски групи со експедициски цели и за воени должности. Како почетна точка за првите туристички посетители, може да се осврнеме на пишан документ (книга), „Од Љуботен до Кораб“, напишан од д-р Јозе Претнар што ја водел експедицијата во 1933 година. Во оваа книга, е опишано како тие го поминале овој регион со планинско скијање и се спомнуваат и се опишани многу делови од косовскиот регион во Шар Планина, што ги прави пионери на планинскиот туризам во косовската страна за тоа време.

Планинскиот туризам кој најмогу се развива, започнува со ски-центарот Брезовица. Скијачкиот центар Брезовица е основан 1954 година и се наоѓа на север и северо-запад спроти падините на националниот парк Шар. Во 1979 година биле инсталирани први ски-лифтови и ски-центрите започнуваат да функционираат со карактеристики од 16 км скијачки падини. Голем број на меѓународни скијачки настани се случиле во ски-центарот Брезовица во периодот од 1980 - 90-тите и оттогаш се развил за туризам. Ски-центарот Брезовица во последно време е широко познат како freeride (Слободно

возење) авантуристички центар, каде привлекува многу странски туристи. Тимот Дане од 2003 година започнал да работи со “snow-cat” возило (Тип ратрак и превоз на патници) кој нудел бесплатни тури и тоа се смета за привлечност за странските туристи кои доаѓаат само за послободна авантура а не само за скијање на падините. Одморалиштето го посетуваат и странски туристички групи кои доаѓаат за крос-кантри скијање (ски-турнеи).

На 12 километри оддалеченост од Брезовица, поголем можен потенцијал за планински туризам е регионот Превала, лоциран на југот на Косово, кој почнувајќи од 1970-тите, го посетиле локални туристи главно за рекреативни и пешачки цели. Главно заради неговата географска положба и микроклима (1515м надморска височина) регионот Превала е често посетуван од посетители со здравствени проблеми. Потоа, ако продолжиме на југо-запад на Шара од Косово, ќе се судриме со некои центри кои почнале да еволуираат како центри за рекреација што ги користат планинарите и работниците на повеќе фабрики во Призрен. Планинската колиба кај селото Струже е изградена во 1980 година, затоа што старата била мала-блок полициска станица која во 1950-тите и 1950-тите била дадена на планинарско здружение за употреба како планинска колиба, но од ноември 1979 година е надвор од употреба. Подоцна е реновирана и била искористена за целите на планинско-пешачки активности што ги организирале локалните планинари. Пешачката патека на Косово во тоа време, била посетена и од голем број посетители кои планираат забава на отворено и за истражувачки цели на ботаничари. Вреди да се напомене дека оваа локација била и ски-центар на Призрен. Тој е фундаментална точка на скијачката историја во регионот на Призрен, кој има индикација за развој на спортски и планински туризам како локација во рамките на шумското подрачје на Шар Планина. Колибата е сè уште во функција и нуди постелнини и храна и секоја година таа ги собира планинарите од целиот Балкан и пошироко, бидејќи тогаш планинарското здружение „Шари“ го одржува нивниот годишен традиционален состанок и тие планинарат до Врвот Корф.

Село Брод, сместено во јужниот дел на Шара - Косово, на само 2 км над селото се наоѓа туристички центар по име Архена, изградбата започна во 2006-2007 година и во овој центар има хотел, два лифта со седнување и два ски лифтови, центарот се врати на туристичката дестинација четири сезони. Затоа, таа е најновата локација на Шар Планина во Косово, како аспект на планинскиот туризам кој нуди фасцинантни погледи и прекрасна природа.

Анализа на постоечки планински / рекреативни патеки и на постоечката инфраструктура поврзана со патеките - Полог

Според досега познатите податоци и реализирани активности поврзани со планинските патеки, можеме да заклучиме дека во Полошкиот Регион, поточно делот на Шар Планина, постојат планински, планинарски, туристички, рекреативни патеки кои биле изработени од

страна и пред се од планинарските организации во регионот но и од здруженија и организации кои имале некоја врска со активности на отворено. Сепак иако патеките биле изработени, нивната намена никогаш не била туристички валоризирана. Уредувањето се вршело по различни стандарди, а пред се за спортско рекреативни активности.

Најдобар показател за овој проблем е „Истражувачка студија за туристичките потенцијали на Полог“, изработена од Центарот за развој на Полошкиот Плански Регион, во која се анализирани повеќе засегнати страни од кои се добива заклучок дека доколку сакаме Полошкиот Регион, поточно регионот на Шар Планина, да стане туристичка дестинација чија основа ќе е планинскиот, руралниот или авантуристичкиот туризам, потребно е патеките кои ќе се користат за тие цели да се уредуваат по европски стандарди, да се категоризираат и туристички валоризираат.

Во оваа анализа мора да се напомене дека патеките кои ќе се уредуваат во иднина потребно е да се прилагодливи за креирање на туристички пакети кои освен пешачење и рекреација ќе нудат услуги со минимум стандарди за сместување, угостителски услуги, услуги за транспорт и услуги на локални водичи. Ваков пример на Шара до сега е единствено изработен во 2015 година, преку проектот Balkan Hiking Adventure (BHA), се работи за планинарски патеки кои меѓусебно се поврзани, но се ограничени само на три позиции од планината, а нивната цел е повеќе тури кои ќе бидат прекугранични) и 2017 преку проектот High Scardus Trail (HST), патека која започнува од Љуботен и прекугранично поминува на Косово и продолжува кон регионот на Преспанското Езеро.

Анализа на постоечката инфраструктура поврзана со патеките се однесува на тоа дали вдолж патеката постои обележување (маркација), сигнализација (патокази) со информативни табли, објекти кои служат за одмор покрај патеката (клупи, маси, настрешници), објекти за сместување и исхрана (планинарски домови, места за ноќевање со можност за доручек, ресторани) и места за кампување (обележани или не).

Анализа на постојни планински / рекреативни патеки и постојна инфраструктура поврзана со патеките / Косовска страна

Регионот Призрен, како дел од Шар Планина, има регистрирана историја на планинарски активности кои датираат од 1951 година, од првото основање на Здружението на планинари „Шари“. Затоа, многу веќе постојните патеки (планинарење, рекреација или туристички), главно биле обележани од членовите на алпинистичките здруженија, а во последно време и од некои организации поврзани со активности на отворено. И покрај тоа што повеќето патеки биле обележани за пешачење / рекреативни активности, постои очигледен недостаток на туристички патеки.

Што се однесува до постојната инфраструктура поврзана со патеките, во ски-центарот Брезовица и Превала, има неколку хотели и пансиони. Исто така во центарот на Шар во косовскиот регион, каде се наоѓа селото Љубиње, има куќа за гости во кои можат да сместат не повеќе од 5 лица (две спални соби) и каде се служи традиционална храна. Во регионот на Црн Камен има и една куќа за гости, која има поголем капацитет за сместување (4 бунгалови) и служи традиционална локална храна. Во истата област, има и планинарска колиба која е сопственост на Асоцијацијата на планинари Шари и со која управуваат нејзините членови со капацитет од 80 кревети, заедно со храна и транспорт.
Во регионот Драгаш, во селото Брод, има две куќи за гости и хотел. Во меѓувреме, во областа наречена Копана Вода, во близина на градот Призрен, се наоѓа реновирана планинска колиба со која управува клубот на планинари на Хаџи Беда.

Закон за маркирање на планинарски патеки / Северна Македонија

Според законот за планински патеки на Република Северна Македонија и Агенцијата за Промоција и Подршка на Туризмот во Република Северна Македонија, потребно е да се изработи елаборат и предмер пресметка за уредување на патеките. По обработката на податоците за патеката, според тежинската категоризација и туристичката валорозација оваа патека потребно е да се уреди, да се постави примарна и секундарна инфраструктира долж патеката (сигнализација, инфо табли, клупи за одмор и сл.) и истите да се одржуваат.
За целосно дефинирање на патеките потребно е патеката да има:

- Име на Патекта
- Почетна и Крајна Точка
- Предел на Поминување
- Обележување
- GPS податоци
- Инфраструктура
- Тежинска Категоризација
- Туристичка Валоризација

Патеки потребно е да се уредуваат по меѓународните стандарди за уредување патеки по Декларација на Bechyne (Бечин) – Република Чешка, и да се класифицираат односно да се направи поделба според тежинската категоризација и туристичката валорозација по стандардите на Европска асоцијација на „рамблери“, Комисија на ЕУ и УИМЛА - Сојуз на меѓународни здруженија на планински водачи.

По овие стандарди уредувањето на патеката се врши во 10 фази:

Фаза	Активност
1	Сондажа
2	Втора сондажа, документирање
3	План за уредување на секоја патека
4	Дефинирање на трасата
5	Прочистување на патеката
6	Маркирање
7	Поставување на знаци и инфо табли
8	Контролна теренска анализа и корекции
9	Завршно ГПС снимање
10	Изработка на информативен материјал

По уредувањето на патеката потребно е истата да се одржува. Според законот за планински патеки на Република Северна Македонија, постои домаќин на патеката. Домаќинот ја оджува патеката во текот на следните три години по уредувањето. Во тој период домаќинот во текот на сите сезони, должен е да ја поминува патеката, да ја прочистува, да врши контролна теренска анализа и корекции на истата и да ја обновува сигнализацијата. По поминатиот рок од три години, потребно е патеката повторно да се уреди, поточно да се обнови маркацијата и сигнализацијата.

Закон за обележување на планинарски патеки / Косово

Во Косово, нема постоечка институционално законодавство во врска со планинските патеки, но постои серија правила што ги регулира Косовската Федерација за планинари и алпинисти, која е одговорна за стандардизација, обележување и одржување. Стандардот на обележување и поставување знаци го има одобрено Косовската планинарска федерација на нивниот раководен состанок во 2016 година. За време на екс-југословенската ера, истиот исто така беше регулиран врз основа на исти принципи и одговорност за истите ги има превземено Планинарскиот Скијачки Сојуз Косово. Понатаму, постои иницијатива на член од „Шари“ (Абдурахим Абдуши) кој има напишано упатство за обележување и поставување знаци на планинските патеки.

Планинарски патеки кои се маркирани според законот за планинарски патеки на Република Северна Македонија

Планинарски патеки кои се маркирани според Законот за планинарски патеки на Северна Македонија[16], а се изработени во изминативе пет години се следниве:

Бр.	Патека	Год. На маркирање
1	Село Старо Село – Врв Љуботен – Планинарски дом Љуботен	2015
2	Планинарски дом Љуботен – Езеро Ливадица	2017
3	Планинарски дом Љуботен – Село Вратница – Село Беловиште	2015
4	Село Беловиште – Кучинагледски Врв	2015
5	Село Јелошник – Езерски Врв	2017
6	Село Брезно – Црн Врв	2015
7	Село Вејце – Црн Врв	2015
8	Село Лешок – Село Варвара – Три Воде – Село Брезно	2015
9	Село Вејце – Кобилица Премин	2015
10	Село Вејце – Гури и Ѓат – Село Вешала	2017
11	Село Вешала – Вртоп Премин	2015
12	Село Вешала – Езеро Караникола – Село Бозовце	2015
13	Село Бозовце – Лешница – Водопад Кривошија	2017
14	Лешница – Џинибег Премин	2017
15	Попова Шапка – Вргањ – Јелак	2014
16	Попова Шапка – Горна Лешница – Лешница	2014
17	Попова Шапка – Премин Плат	2014
18	Попова Шапка – Титов Врв	2017
19	Попова Шапка – Извори на Река Пена	2014
20	Село Ѓурѓевиште – Црно Езеро – Рудока Врв	2015
21	Село Пожаране – Кучибаба – Будимов Гроб	2015
22	Планинарски Дом Шарски Води – Рамен Камен	2015
23	Торбешки Мост – Аџина Река – Лера	2014
24	Торбешки Мост – Ќафа е Кадис – Врв Радика	2017

Според Законот за планинарски патеки (Службен весник на РМ, бр. 38 од 24.02.2014 година), патеките треба да се уредуваат на секои 3 години. Од погоре наведената табела, се гледа дека за повеќето веќе маркирани планинарски патеки, периодот за повторно

[16] http://www.fpsm.org.mk/wp-content/uploads/2017/03/ZAKON-ZA-PLANINSKI-PATEKI.pdf

уредување и маркирање е изминат. Овие патеки се подредени и обележани од локалните планинарски клубови, а повеќето од нив се скенираат, а GPS координатите се поставени на мапите на Шар Планина.

Планинарски патеки кои се маркирани на Косовска страна

Бр.	Патека	Година
1	Ски-центар Брезовица - Стрбачко езеро	2017
2	Ски-центар Брезовица – Црн Врв - Превала	2017
3	Превала – Село Горње Љубиње	2017
4	Село Горње Љубиње - Кобилица Премин	2017
5	Призрен – Планинарски дом Шари	2012
6	Планинарски дом Шари – Врв Вртоп	2012
7	Планинарски дом Шари – Врв Скарпа	2015
8	Превала – Црн Врв	2015
9	Превала – Извори на река Лумбарди	2015
10	Превала – Врв Ошљак	2015
11	Ново Село – Планинарски Дом Копана Вода	2010
12	Копана Вода - Врв Ошљак	2015
13	Брод – Радика Премин	2017
14	Брод – Премин Цуље	2017

Многу од патеките се обележани на туристички топографски карти. Главно патеките биле обележани во текот на периодот од 2017 година, додека другите патеки биле регистрирани и обележани на туристички топографски карти за целите на планинарските асоцијации.

Мапи преземени од обележани патеки

Планинарски мапи:

1. Високата Скардус патека (High Scardus Trail), Шар Планина, Северо-западен сегмент, 2017, GIZ (планинарска мапа, 1:50000)
2. Високата Скардус патека (High Scardus Trail), Шар Планина, Централен сегмент, 2017, GIZ (планинарска мапа, 1:50000)
3. Високата Скардус патека (High Scardus Trail), Шар Планина, Југо-западен сегмент од Шар Планина и Северо-западен сегмент од Планината Кораб, 2017, GIZ (планинарска мапа, 1:50000)

Печатени водичи, Мапи, Дигитални апликации и Web-страни произлезени за досега маркираните патеки на Шар Планина

Упатства / прирачници:

1. Hiking into Shar Mountains (Macedonia), 2009, Alliance Francaise de Tetovo, Mountaineering Club Ljuboten, Eko Natyra, Municipality of Tetovo (guidebook)
2. Balkan Hiking Adventure, 2015, GIZ (guidebook)

Планинарски Мапи:

1. Shar Planina Mt., wild and time, 2007, Macedonian Ecology Society, Mountaineering Club Ljuboten *(hiking map, 1:100000)*
2. Explore Shar Mountain, 2010, GIZ, EuroNatur, Mountaineering Club Ljuboten, Macedonian Ecology Society *(hiking map,1:100000)*
3. Balkan Hiking Adventure, Shar Mountain Northeastern Segment, 2015, GIZ *(hiking map,1:40000)*
4. Balkan Hiking Adventure, Shar Mountain Central & Southwestern Segment, 2015, GIZ *(hiking map, 1:40000)*
5. Shar Planina, 55 trails, 2016, EuroNatur, Friends of Sharra *(hiking map, 1:75000)*
6. High Scardus Trail, Shar Mountain, Northeastern Segment, 2017, GIZ *(hiking map, 1:50000)*
7. High Scardus Trail, Shar Mountain, Central Segment, 2017, GIZ *(hiking map, 1:50000)*
8. High Scardus Trail, Shar Mountain, Southwestern Segment of Shar Mountain and Northeastern Segment of Korab Mountain, 2017, GIZ *(hiking map, 1:50000)*

Мобилни апликации:

1. Exploring Shar Mountain, 2014 / updated 2017 – produced by Mountaineering Club "Ljuboten" – Tetovo
2. Balkan Hiking Adventure, 2015 - produced by GIZ Skopje

Веб страни:

1. http://sharplanina.com.mk/
2. http://www.balkanhikingadventure.com/

Стратешки документи за регионот

1. Визибилити студија за основање на Национален Парк од македонска страна на Шар Планина, Балканска Фондација за одржлив развој, 2006
2. Студија за развој на туризмот во Шарпланинскиот регион, ЕПИ Центар – Скопје, 2010
3. Зајакнување на алтернативниот туризам во руралните подрачја на Полог, Центар за развој на Полошки Плански регион, 2015
4. Стратегија за развој на туризмот во Општина Тетово, Општина Тетово, 2017
5. Студија за потенцијали за развој на рурален туризам во Шарпланинските села во Општина Тетово, Општина Тетово, 2017
6. A feasibility study for the establishment of a National Park on the Macedonian side of Shar Mountain, Balkan Foundation for Sustainable Development, 2006
7. Study on tourism development in the Sharplanin region, EPI Center - Skopje, 2010
8. (https://www.skijanje.rs/assets/publikacije/PDF-fajlovi/Strategija-za-turizam-na-Sarplanina.pdf)
9. Strengthening of the alternative tourism in the rural areas of Polog Region, Center for development of Polog planning region, 2015
10. Sustainale Development of Rural Economies , A Guideline for practitioners, SWG RRD 2016
11. https://www.researchgate.net/profile/Jelena_Milovanovic5/publication/315768647_STRENGTHENING_VALUE_CHAINS_FOR_SUSTAINABLE_DEVELOPMENT_OF_RURAL_ECONOMIES_A_GUIDELINE_FOR_PRACTITIONERS/links/58e36c5492851c1b9d6b07f7/STRENGTHENING-VALUE-CHAINS-FOR-SUSTAINABLE-DEVELOPMENT-OF-RURAL-ECONOMIES-A-GUIDELINE-FOR-PRACTITIONERS.pdf
12. Strategy for rural development of Municipality of Tetovo, Municipality of Tetovo, 2017
13. http://www.tetova.gov.mk/docs/Strategija%20za%20RR%20Tetovo.pdf
14. Tourism Development Plan for Polog region (Shar Mountain, Tetovo and surroundings) Locala and Regional Commpetitivnes Project 2018
15. http://lrcp.mk/wp-content/uploads/2018/03/Destination-8-Polog-area-Tetovo-Popova-Shapka-and-surroundings.pdf
16. Study on Potentials for Development of Rural Tourism in the Shar Mountain villages in the Municipality of Tetovo, Municipality of Tetova, 2017
17. https://www.skijanje.rs/assets/publikacije/PDF-fajlovi/Strategija-za-turizam-na-Sarplanina.pdf

Откријте ја Шар Планина "Што се нуди и што да се направи во иднина …"

Студија за можностите на туризмот во Полошкиот и Призренскиот регион

European Union Kosovo